РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-27/2
01-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-27/1 од 03.01.2023 година, поднесена од --------------------------------- против Претседателот на Основниот суд во Охрид, поради не продолжување на оставинска постапка **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност да постапува по наводите во пријавата.

Предметот со број 12-27/1 од 03.01.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 03.01.2023 година, доставена е пријава заведена со број 12-27/1, со наводи против судија за повреда на право за спроведување на оставинска постапка, чиј предмет на постапување е имотот на неговиот покоен татко -----------------------.

Подносителот наведува дека изминатите пет години има поднесено четири предлози за продолжување на оставинска постапка пред Основен суд Охрид и до овој момент нема добиено никаков одговор. Исто така наведува дека Нотарот ----------------------------, наместо да ја спроведе оставинската постапка врз имотот што се води на името на оставителот -----------------------, таа поради појавен спор, предметот го предава на Основен Суд Охрид за натамошно постапување. Подносителот во пријавата наведува дека предлогот за продолжување на оставинската постапка се однесува на имот кој е во процес на денационализација и кој што е незаконски узурпиран.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што по истиот предметен случај постапка се води пред друг надлежен орган, односно Основен суд Охрид, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска-Дојчиновска

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК